## Дневни билтени



# Извадок на дел од дневни настани 23.01.2019

На 22.01.2019 година околу 11.40 часот на регионалниот пат Куманово-Свети Николе, З.К.(62) од Скопје, управувајќи патничко возило „Цитроен“ со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Г.М.(57) од Скопје и по укажаната лекарска помош во Јавната здравствена установа Свети Николе, со возило на Итна медицинска помош, бил префрлен во Медицински центар Штип. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 22.01.2019 година во 20.00 часот на улица „22 Декември“ во Струмица, Л.М.(25) од Струмица, управувајќи патничко возило „Фолксваген Поло“ со струмички регистарски

ознаки, удрила во пешакот Б.В.(72) од Струмица. Од ударот, пешакот Б.В. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 22.01.2019 година во 22.50 часот на крстосница од булевар „Јане Сандански", булевар „Кузман Јосифовски Питу" и улица „Фрањо Клуз", од С.Ј.(38) од Скопје, управувајќи патничко возило „Фиат" со скопски регистарски ознаки, излетал од коловозот и возилото се превртело. Притоа, со повреди се здобил возачот С.Ј., кој бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.Н.(35) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори",  а судија на претходна постапка му одреди мерка притвор во траење од 30 дена. На 18.01.2019 година во периодот од 16.45 до 17.35 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на лицето и била пронајдена и одземена марихуана. Г.Н. бил лишен од слобода.

Во текот на изминатиот ден (22.01.2019 ) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно осум сообраќајни незгоди од кои седум сообраќајни незгоди со телесни повреди и една со материјална штета. Во сообраќајните незгоди 10 лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 41 возач управувале возила со брзина поголема од дозволената.
Од сообраќај се исклучени 26 возачи од кои: тројца возачи поради тоа што управувале возила под дејство на алкохол, 20 затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и тројца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 14 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четири возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престројување, тројца поради непоседување зимска опрема, тројца возачи поради неносење сигурносен појас при управување на моторно возило и тројца возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 80 мандатни платни налози и 75 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.У.(27) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.07.2018 година околу 21.00 часот во Прилеп на улица ,,Васил Главинов", при преземање на службени дејствија од полициски службеници, пријавениот од патничко возило фрлил кеса со марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.С.(21) и А.К.(19), двајцата од Кичево, поради постоење основи ан сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.11.2017 година околу 15.00 часот во Кичево, на улица „11-ти Октомври", при преглед над пријавените, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

На 22.01.2019 година во 22.15 часот во Полициската станица Гостивар, Н.К.(42) од Гостивар пријавил дека истиот ден околу 18.10 часот на улица „М.Ч.Филипоски" неговата малолетна ќерка била каснатa од куче скитник во пределот  на левата подлактица.

На 22.01.2019 година во 10.00 часот во СВР Скопје, Ј.П.(37) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 08.45 часот на булеварот „Кочо Рацин" во адвокатска канцеларија била физички нападната од Ф.А.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 23.01.2019 година во 02.45 часот при вршење на мотопатролна дејност од страна на полициски службеници од Граничен премин Богородица, кај клучка за село  Миравци, гевгелиско при проверка на Д.Ѓ.(31) од село Миравци била пронајдена и одземена ловна

пушка за која не поседувал дозвола. Лицето било приведено, а по целосно документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.01.2019 година во 19.30 часот во СВР Скопје, У.А.(54) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 19.00 часот, додека возел автобус со број 19 по булеварот „Партизански одреди", физички бил нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.С.(58), Е.М.(63) и Ф.С., сите од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење" и против В.Р.(35) и С.Е.(40), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,злоупотреба на службена положба и овластување" и ,,несовесно работење во службата". Во текот на 2016 година во Гостивар на улица „Илинденска", прво и второпријавениот, како инвеститори, изградиле колективен станбен објект, на кој, спротивно на одобрението за градба, изградиле дополнителен кат, како друг објект до самиот станбен објект. Третопријавениот, како изведувач на наведените објекти, вршел градежни активности без одобрение за градба, без основен проект и писмен договор со инвеститорот. додека четврто и петтопријавениот, како градежни инспектори во Општина Гостивар, не вршеле надзор на градбата на наведените објекти, со што им овозможиле на прво и второпријавениот да одбегнат плаќање на комуналии и други давачки за изградба на наведените објекти, а на штета на Буџетот на општина Гостивар.

На 22.01.2019 година во 12.30 часот во СВР Скопје, И.А.(40) од Скопје, пријавил дека на 21.01.2019 година околу 21.00 часот на улица „Индира Ганди" бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 22.01.2019 година во 18.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека непознато лице извршило разбојништво во бутик на улица „Илинденска". Сторителот и со закана одзел пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава против В.М.(60) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.10.2018 година полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Скопје, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Валтер" калибар 9 мм и 16 куршуми калибар 9 мм.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ќ.М.(49), С.Ѓ.(42) и Ќ.С.(58), сите од Гостивар и против В.Р.(35) и С.Е.(40), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,злоупотреба на службена положба и овластување" и ,,несовесно работење во службата". Во текот на 2017 година во Гостивар, на улица „Мара Угринова", прво и второпријавениот, како инвеститори, изградиле индивидуален станбен објект, на кој, спротивно на одобрението за градба, изградиле дополнителни четири ката. Третопријавениот, како изведувач на наведените објекти, вршел градежни активности без одобрение за градба, без основен проект и писмен договор со инвеститорот. Додека, четврто и петтопријавениот, како градежни инспектори во општина Гостивар, не вршеле надзор на градбата на наведениот објект, со што му овозможиле на прво и второпријавениот да одбегнат плаќање на комуналии и други давачки за изградба на наведениот објект, а на штета на Буџетот на општина Гостивар.

На 22.01.2019 година околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на улица „Благоја Стефковски" две лица извршиле разбојништво и со закана со пиштол одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово, до ОЈО Куманово, поднесе кривична пријава против три физички лица и две правни лица поради постоење основано сомнение дека сториле повеќе кривични дела од областите на правниот сообраќај и против злоупотребата на службената должност, согласно

КЗ на РМ. Имено кривично пријавени се С.С. (45) од Куманово, за сторени две кривични дела - "фалсификување на исправа" и употреба на исправа со невистинита содржина"; В.Ѓ. (57) од Тетово вработена како Референт за вонредни ученици во ССОУ "Моша Пијаде" Тетово, за сторени две кривични дела - "злоупотреба на службена положба и овластување" и "фалсификување исправа"; и М.Ч. (47) од Хрватска, со место на живеење во Скопје вработен како оперативен директор на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, за сторени две кривични дела "злоупотреба на службена положба и овластување" и "фалсификување исправа". Кривично пријавени се и правните лица ССОУ "Моша Пијаде" со седиште во Тетово и Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје за сторени (по две ) кривични дела -"злоупотреба на службена положба и овластување" и "фалсификување исправа".

Имено, пријавената С.С. која од 06.06.2012 година е вработена во Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР со тригодишно средно образование, спротивно на член 46 став 3 точка 3 од Законот за внатрешни работи на РМ, (со што од посочениот датум до денес противправно остварила личен доход во износ од 1.799.114 денари за кој е оштетен буџетот на МВР на РМ), по завршување на III степен на образование во СОУ "Перо Наков" во Куманово, во учебната 2011/2012 година се запишала како вонреден ученик во ССОУ "Моша Пијаде" во Тетово. И тоа во делот за сообраќајна струка – техничар за патен сообраќај за дообразование, при што непочитувајќи ги прописите за плаќање и пријавување на испити, за целиот овој период на дообразование уплатила вкупно 7.400 денари од предвидените 27.200 денари. Ваквиот начин на дошколување и овозможил на С.С. да се стекне со невалидна диплома за завршено четиригодишно средно образование за завршен Техничар за безбедносен сообраќај. И таа диплома ја употребила во неколку наврати приложувајќи ја во МВР на РМ, на Универзитетот за туризам и менаџмент-Скопје и при движење во кариерата. Второпријавената В.Ѓ. вработена во ССОУ "Моша Пијаде" во Тетово на работно место Референт за вонредни ученици во периодот 2011-2013 година, константно ја злоупотребувала службената положба и овластување со неизвршување на својата службена должност при што ги дозволила горенаведените дејанија и постапила спротивно на член 21 од Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средните училишта.

С.С. без завршено четиригодишно средно образование аплицирала, и на 18.07.2013 година без поднесена документација, се запишала како вонреден студент во приватна високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје – Економски факултет Скопје, при што за целото студирање истата од вкупно 397.500 денари уплатила 15.000 денари за сите студиски години. Четвртопријавениот, МЧ. вработен при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на работно место оперативен директор во Одделот за оперативни работи, ја злоупотребил службената положба и овластување на начин што и овозможил на С.С. на нелегален начин да се стекне со високо образование, при што го оштетил Универзитетот, а воедно и Буџетот на РМ.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)